Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 21, 1 јуни 2009 година

јуни 2009 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област музички форми на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област хемија и биохемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по групата предмети од областа на правно-економските науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРАВНО-ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на седницата одржана на ден 7.4.2009 година, донесе Одлука бр. 1602-49/4 за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања по група предмети од областа на ***правно-економските науки*** на Правниот факултет во состав:

- д-р Стеван Алексовски – редовен професор (претседател);
- д-р Милан Илиевски – вонреден професор (член) и
- д-р Ванче Стојчев – вонреден професор (член).

Рецензентската комисија по разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс во весникот „Дневник“, објавен на 26.2.2009 г., за избор на еден наставник по група предмети од областа на правно-економските науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, се пријави само кандидатот д-р Љупчо Блажевски.

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатот навремено ги достави пријавата и потребните документи во рокот утврден во Конкурсот. Комисијата детално ја проучи пријавата на кандидатот д-р Љупчо Блажевски и ја утврди следнава состојба.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Љупчо Блажевски** е роден на 1 август 1951 година во Скопје, каде завршува основно и средно образование. По завршувањето на средното образование се запишува на Економскиот факултет во Скопје, каде дипломира во 1977 година. Студирањето го продолжува на Правниот факултет во Скопје, каде што се запишува на постдипломски студии. Магистрира во 1981 година. Со успешната одбрана на докторската дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на тема *„Правно-социолошкиот аспект на пазарните законитости и пазарните модели во трговските друштва“*, се стекнува со научен степен – *доктор на правни науки*, на 27.8.2004 година.

Кандидатот д-р Љупчо Блажевски истата година е избран за наставник со звање *доцент* по предметот Социологија во право од страна на Матичната комисија на Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово. Во периодот од 2004 до 2006 година бил член на Универзитетскиот сенат на Државниот универзитет во Тетово.

Во 2007 година, со Одлука на Матичната комисија за основање на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, е избран за наставник на Правниот факултет со звање *доцент* по предметот Основи на економија. Во 2008 година д-р Љупчо Блажевски е избран за член на Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ .

Во делот на педагошката работа учествува како ментор или член на комисија за одбрана на над 20 дипломски работи.

Во делот на стручната и научната дејност објавува повеќе стручни и научни трудови и учествува во работата на повеќе стручни и научни семинари и конференции.

***Список на стручни и научни трудови по првиот избор***

1. „Правно-социолошкиот аспект на пазарните законитости и пазарните модели во трговските друштва“ – докторска дисертација – Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 2004 г.
2. „Регионален аспект на развојот“ – Здружение за одржлив развој – Скопје – Министерство за локална самоуправа, Скопје, 2005 г.
3. „Правниот аспект на пазарните законитости“ – Здружение за одржлив развој – Скопје – Министерство за локална самоуправа, Скопје, 2005 г.
4. „Заштита на пазарната конкуренција во Македонија“ – КОСМО - иновативен центар – Скопје, 2006 г.
5. „Финансии и финансово право“ – „Арбеба“ – Тетово, 2006 г. (Државен универзитет во Тетово).
6. „Социологија на право“ – скрипта за интерна употреба (Државен универзитет во Тетово), Тетово, 2005 г.
7. „Методологија на правни акти“ - Државен универзитет во Тетово, 2005 г.
8. „Основи на економија“ – скрипта за интерна употреба, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2007 г.

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“, според член 17 од Правилникот, кандидатот доц. д-р Љупчо Блажевски ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ+САОР): наставно-образовна (НО) = 47 поени; научноистражувачка (НИ) = 17 поени; стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 12 поени

Вкупна актива (НО+НИ+САОР) = 76 поени

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Според Законот за високото образование и Статутот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, како и од покажаните резултати во наставно-образовната, научноистражувачката дејност и апликативната дејност, Комисијата констатира дека се евидентни резултатите на кандидатот доц. д-р Љупчо Блажевски.

Според Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, според член 9, кандидатот доц. д-р Љупчо Блажевски ги исполнува критериумите за избор на наставно-научно звање.

Тој покажува голема способност за наставно-научна работа (НО), научноистражувачка (НИ) и стручно-апликативна и организационо-развојна активност (САОП), поради што може да се констатира дека го надминува потребниот квантум за да биде избран во наставничко звање, зашто има остварено вкупно 76 поени од (НО+НИ+САОР).

Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, кандидатот д-р Љупчо Блажевски да го избере во наставно-научно звање – вонреден професор во областа на правно-економските дисциплини.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Стеван Алексовски – редовен професор (претседател), с.р.**

**Д-р Милан Илиевски – вонреден професор (член), с.р.**

**Д-р Ванче Стојчев – вонреден професор (член), с.р.**

**Прилог**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Љупчо Блажевски, доцент, во реизборниот период 2009 година, според Критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | 1 | 8 | **8** |
| Интерна скрипта од предавања | 2 | 4 | **8** |
| Издавање наставни содржини и помагала во електронска форма (на ЦД, ДВД и сл) | 1 | 6 | **6** |
| Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 4 | 0,5 | **2** |
| Ментор на одбранета дипломска работа (макс.7) | 7 | 1 | **7** |
| Предавања (неделен просечен фонд за два предмета) | 6 | 1,5 | **9+2=11** |
| Рецензент на соработници и наставници | 5 | 1 | **5** |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Дел од монографија на албански јазик | 1 | 6 | **6** |
| Труд со оргинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 3 | 1 | **3** |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | **8** |
| | | | |
| | | | |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско развојна(СА+ОР)** | | | |
| Стручна монографија | 1 | 3 | **3** |
| Труд во стручно (научно-популарно) списание | 2 | 2 | **4** |
| Член на Универзитетски сенат при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип | 1 | 5 | **5** |
| **ВКУПНО** | **76** | | |